Бр./Nr 12-2019/2
06-08-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8-мата седница одржано на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2019/1 од 19.07.2024 година со наводи за сомневање за сторени обиди за коруптивни дејствија во постапка која се води пред ------------ --- ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување до надлежни органи - Апелационен суд Скопје и Судски совет на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2019/1 од 19.07.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.07.2024 година, поднесена е пријава против ---------- --------- - --- ------- ------ судии при ---------- --- на Република Сееврна Македонија, при што ДКСК оформи предмет број 12-2019/1 од 19.07.2024 година.

Во пријавата се наведува дека истата се поднесува заради сомневање за сторени обиди за коруптивни дејствија во постапка која се води пред ----------- суд Скопје.

Во доставената пријава против гореспоменатите лица изнесени се наводи со сомнение за можна злоупотреба на службената положба како и сторени коруптивни дејствија, во постапка што се водела пред -------- суд Скопје заведена под број ТСЖ 1136/23 при што на нејавна седница одржана на 04.07.2024 година била донесена Пресуда со број ТСЖ-1136/23 од 04.07.2024 година со која жалбата на подносителот била усвоена, но од за него непознати причини истата не му била доставена на негово запознавање до моментот на поднесување на претставката до ДКСК.. Во продолжение се наведува дека во предметната постапка, тужениот, ---------- -------- АД Скопје кој бил застапуван од Адвокатското друштво ---------- - ------------- од Скопје каде што вработена била ќерката на --------- - --------- --------------- имал доставено вешт наод и мислење изготвен од правниот факултет од Проф. Д–р --- --------- --------- и Проф. Д–р --------- --------- ---------- и двете во овој момент судии во --------- суд на Република Северна Македонија. Со оглед на тоа дека до денот на поднесувањето на оваа пријава не бил извршен прием на донесената пресуда од ---------- суд Скопје подносителот посочува за основано сомнение за злоупотреба на службената положба од страна на гореспоменатите судии во судска постапка во која од страна на тужениот биле направени обиди за притисоци врз други лица заради остварување на лична корист се со цел измена на веќе донесена пресуда.

Државната комисија изврши увид во јавно достапните податоци на Судскиот портал на Република Северна Македонија од каде што е видно дека посочената пресуда е донесена на 04.07.2024 година, а објавена на порталот 11.07.2024 година. Со предметната пресуда жалбата на тужителот делумно се уважува, а пресудата на Основниот граѓански суд Скопје ТС 624/14 од 14.10.2022 година се потврдува. Имајќи ги предвид наводите на подносителот за недоставување на пресудата до него како странка во постапката Државната комисија ќе ја достави пријавата на надлежно постапување до Апелациониот суд Скопје. Дополнително, видно од објавената пресуда -------------- суд утврдил дека имајќи ја во предвид содржината на изнесените стручни правни мислења доставени од тужениот, овој суд утврди дека истите немаат третман на вештачења и не го обврзуваат судот. Ова од причини што стручни мислења не може да го обврзуваат судот и на истите да се повикува при носење на одлука, бидејќи таква форма на доказ ЗПП не познава. Меѓутоа, дотолку повеќе што од содржината на доставеното стручно правно мислење од проф. д-р -.-.-., проф д-р -. -. и проф. д-р -. -.-, и овластеното стручно лице-вештак од областа на материјално сметководствено и финансиско

работење проф. д-р -.-., изготвено на барање на тужениот, второстепениот суд утврди дека со истото се потврдуваат сите решителни факти за основаноста на усвоеното тужбено барање. Сепак, имајќи ги предвид наводите на подносителот за можно влијание за преиначување на пресудата, Државната комисија ќе ја достави пријавата на надлежно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување, а предметната пријава ќе ја достави на постапување до надлежни органи - Апелационен суд Скопје и Судски совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

